WORLD BANK GROUP

Редовен економски извештај за **Западен Балкан**
бр. 29 — Пролет 2026 година



## ПОДАТОЦИ

# Северна Македонија

**Растот во Северна Македонија зајакна во 2025 година и достигна 3,5 проценти, во голема мера поттикнат од изградбата на автопатите и услужната дејност.**

**Зголемувањето на платите, заедно со растот на цените на храната и услугите, ги одржа високи инфлациските притисоци.**

**Се очекува растот во 2026-2028 година да биде поттикнат од домашната побарувачка, но зголемената неизвесност поврзана со конфликтот на Блискиот Исток претставува ризик за растот и изгледите за инфлација.**

Растот зајакна во 2025 година, во голема мера поттикнат од изградбата на автопатите и активностите во услужната дејност. Сепак, зголемувањето на платите, заедно со повисоките цени на храната и услугите, ја одржа инфлацијата висока. Напредокот од аспект на фискалната консолидација е одложен, а фискалниот дефицит останува над прагот од фискалното правило. Недоволните приходи и зголемениот долг ја нагласуваат потребата од навремена фискална консолидација.

Во периодот 2026-2028 година се предвидува растот да изнесува просечно околу 3 проценти, главно поттикнат од домашната побарувачка. Проекциите се предмет на голема неизвесност и зголемени надолни ризици. Геополитичката неизвесност, вклучително и онаа поврзана со конфликтот на Блискиот Исток, претставува ризик за инфлацијата и изгледите за раст. Среднорочните проекции зависат од степенот на справување со постојаните структурни ограничувања кои продолжуваат негативно да влијаат врз продуктивноста, инклузивниот раст и конвергенцијата со животниот стандард на ЕУ.

> *Во контекст на голема неизвесност, зголемувањето на фискалниот простор е од суштинско значење за отпорноста на шокови. Целосното мобилизирање на неискористениот потенцијал на работната сила, особено на жените и младите, може да ѝ обезбеди на Северна Македонија можност дополнително да го поттикне економскиот раст и да ја поддржи долгорочната социјална и фискална одржливост.*
>
> **Карол Межеван**
> *директорка на Светска банка за Северна Македонија и Косово*

Зголемувањето на фискалниот простор и почитувањето на фискалното правило се од суштинско значење за отпорноста на шокови. Продолжувањето на реформите од областа на енергетиката, дигитализацијата, поврзаноста и пазарите на трудот, засновани во Планот за раст на ЕУ, останува клучно за привлекување на приватни инвестиции, создавање повеќе и подобри работни места и намалување на сиромаштијата.

### Реален раст на БДП

проценти




### Годишен раст и придонес

процентни поени




*Извор:* Националните заводи за статистика и прогнози на персоналот на Светска банка.
*Забелешка:* ЗБ6=Западен Балкан шест; е=проценка




**За повеќе информации и да ги најдете претходните изданија на Редовниот економски извештај за Западен Балкан, кликнете тука.**